ДКСК
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KSHPK
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-1678/1
02-06-2025

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/19) и член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК) на 18-та седница одржана на ден 21.05.2025 година донесе

***Одлука***

Постапката по предмет со бр. 08-3816/1 од 09.10.2021 година, СЕ ЗАПИРА.

Предметот со бр. 08-3816/1 од 09.10.2021 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма, да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

***Образложение***

Предметот со број 08-3816/1 од 09.10.2021 година е оформен по сопствена иницијатива, од причина што Државната комисија за спречување на корупцијата по извршениот увид во својата евиденција констатирала дека лицето ----------------- во законски предвидениот рок по именување на функцијата член на ---------------------------, не поднела изјава за имотна состојба и интереси до Државната комисија за спречување на корупцијата. Поради тоа, на колегиумот одржан на ден 04.10..2021 година Државната комисија за спречување на корупцијата донела заклучок да иницира прекршочна постапка против именуваното лице, за сторен прекршок по член 82 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, казнив по член 109 од истиот закон.

ДКСК од извршениот увид во својата евиденција констатира дека именуваното лице во законски предвидениот рок по именувањето на функцијата не поднело анкетен лист до Државната комисија за спречување на корупцијата.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

ДКСК на ------------------- и издаде прекршочен платен налог со бр.08-1337/2 од 24.02.2023 година за сторен прекршок по член 82 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, казнив по член 109 од истиот Закон.

Со оглед на тоа што постапката за порамнување не беше успешна, ДКСК поднесе барање за поведување на прекршочна постапка до Прекршочната комисија на ДКСК со број 08-2748/1 од 24.10.2024 година.

Прекршочната комисија донесе Решение со бр. 14-2748/2 од 30.12.2024 година со кое сторителот --------------------- ја прогласи за ОДГОВОРЕНА, по што ДКСК констатира дека нема елементи за нејзино понатамошно постапување во конкретниот случај.

Врз основа на горенаведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**Заменик претседател**

**м -р Билјана Каракашова Шулев**

**Изготвил**: м-р Б.С., советник
**Контролирал**: м-р Н.Т-М, Раководител на одделение
**Согласен**: К.З, Раководител на сектор
**Одобрил**: м-р Ц.Р., член

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk